Чувар на вашето здравје! • Guardian of your health! • Kujdestar i shëndetit tuaj!

J.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА БОЛНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

J.З.У. Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

# АНАЛИЗА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА БОЛНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

Скопје, 2023

**Издавач: Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**

**Стручна изработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автори:**

| | |
|---|---|
| **м-р д-р Тања Лековска-Стоицовска** | Раководител на Одделението за следење на болести и права на ранливи групи<br>Специјалист по социјална медицина со организација на здравствена дејност |
| **Даниела Дуковска** | самостоен медицински техничар, специјалист |
| **Елена Чибишева** | самостоен статистичар, специјалист |

**Уредник:**

| | |
|---|---|
| **проф. д-р Елена Ќосевска** | Раководител на Оддел за здравствена промоција и следење на болести<br>Специјалист по социјална медицина со организација на здравствена дејност |

**Техничка подготовка:**
Борче Андоновски
Сузана Дунгевска

Печати: Винсент графика

Тираж: 20 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.21(497.7)"2022"(047.31)

ЛЕКОВСКА-Стоицовска, Тања
Анализа на искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи во Република северна Македонија во 2022 година / [автори Тања Лековска-Стоицовска, Даниела Дуковска, Елена Чибишева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, 2023. - 52 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилог табели

ISBN 978-608-235-125-4

1. Дуковска, Даниела [автор] 2. Чибишева, Елена [автор]
а) Здравствени установи -- Болнички капацитети -- Искористеност -- Македонија -- 2022 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 62474757

## СОДРЖИНА


1. ПРЕДГОВОР 7

2. ВОВЕД 9

3. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА 10

4. ПОСТИГНАТ РАЗВОЈ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА БОЛНИЧКО - СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 10

5. ФУНКЦИОНАЛНА АКТИВНОСТ НА БОЛНИЧКО – СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 14

6. КОНСТАТАЦИИ 16

ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 19

## 1. ПРЕДГОВОР

Анализата за искористеноста на болничките капацитети во Репуб¬лика Северна Македонија се изготвува согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Република Северна Македонија и Планот и Програмата за работа на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје.

Анализата има за цел да ја прикаже организационата поставеност, територијалната дистрибуција, кадровската обезбеденост, функционалната ак¬тивност и искористеноста на болничките капацитети во Р.С.Македонија, преку анализа на основните показатели за болничката дејност.

Извршено е ретроспективно истражување на болничката дејност во Ре¬публика Северна Македонија, во целина, по општини и по статистички региони, во период 1990, 2011-2022г. со детален приказ на работата и искористеноста на болничките капацитети во 2022 година. При изготвување на Анализата користени се официјални статистички податоци од извештаите на службата за болничко-стационарно лекување (Образец бр.03-21-60) доставени од 10-те центри за јавнио здравје до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје.

Покрај рутинските статистички податоци при изготвувањето на Анализата, користени се и стручни материјали и публикации од областа на болничката здравствена заштита, изготвени од Одделот за здравствена промоција и следење на болести и Оддел за здравствена статистика и публицистика при Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, информации за искористеноста на болничките капацитети од центрите за јавно здравје, публикации издадени од други институции во Републиката (Мини¬стерство за здравство на Р.С.М., Државен завод за статистика на Р.С.М. и т.н.) и публикации од Светската здравствена организација.

# 2. ВОВЕД

Република Северна Македонија прифаќајќи ја стратегијата “Здравје за сите во 21-от век”, се определи за систем на здравствена заштита базирана на примар¬ната здравствена заштита, а потпомогната и дополнета од секундарната и терциерната заштита, што е во согласност со заклучоците на Конференцијата во Алма - Ата - цел 26.

Пирамидата на здравствениот систем во Републиката е составена од следните составни елементи: база - примарна здравствена заштита која покрива околу 80% од здравствените потреби на популацијата, среден дел - секундарна здравствена заштита со која се покриени околу 15% од здравст¬вените потреби и врв - терциерна здравствена заштита која претставува врвна високо специјализирана здравствена заштита, со која се задоволуваат околу 5% од здравствените потреби на населението.

МРЕЖА НА БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ И ПОСТЕЛЕН ФОНД СПОРЕД НИВОАТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, 2022 ГОДИНА



Здравствената заштита во Р.С.Македонија зависно од видот на здравствените услуги, се укажува во 29 универзитетски клиники, 5 клинички болници од кои две се приватни, 16 општи болници од кои три се приватни, 12 специјални болници од кои 2 се приватни, 5 центри за лекување и рехабилитација и бања и 4 вонболнички стационари.

Во тој ланец на здравствени установи многу важно место имаат болничко-стационарните установи во кои се укажува секундарна болничка здравствена заштита и во кои зафатеноста на постелниот фонд изнесува 67.8% од вкупниот постелен фонд.

Во универзитетските клиники, специјалните болници и заводите каде се одвива терциерната болничка здравствена заштита болничкиот фонд изнесува 31.7%, а во примарната - во вонболничките стационари постелниот фонд е 0.5%.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА

Анализата претставува ретроспективно истражување на организацијата, обезбеденоста, работата и искористеноста на болничко-стационарните установи.

Користени се дескриптивен, епидемиолошки и статистички метод на истражување. Извршени се статистички пресметувања карактеристични за болничката дејност: број на постели на 1 000 жители, број на постели на 1 лекар, стапка на хоспитализација на 1 000 жители, просечно траење на леку¬вање, зафатеност на болничките постели во денови, стапка на искористеност на болничките постели, функција на болничката постела (број на лекувани болни на еден кревет годишно и интервал на обрт).

Статистички обработените податоци прикажани се табеларно и графички. Техничкото уредување на Анализата е извршено во Microsoft Word и Excel програм.

## 4. ПОСТИГНАТ РАЗВОЈ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА БОЛНИЧКО - СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Болничката дејност е важен составен сегмент на севкупниот здравствен систем, преку која се обезбедува краткотрајна и долготрајна болничка здравствена заштита на населението, вклучувајќи дијагностика, лекување и рехабилитација, со болничка нега и третман на најтешките болни кои воопшто не можат да се згрижуваат или се лекуваат неефективно и неквалитетно во амбу¬лантно-поликлинички услови и преку домашно лекување. Во оваа дејност исто така, се обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новоро¬денчиња во стационарни услови. Од ваквата основна функција произлегува потребата во болничко-стационарната дејност да се концентрира голем број на високо-стручен специјалистички и

субспецијалистички лекарски кадар, а исто така и друг квалификуван кадар и најсовремена медицинска опрема со висока технолошка вредност.

Болницата покрај куративна обезбедува и превентивна здравствена заштита, посебно здравствено-воспитна работа и едукација.

Од друга страна, стационарните институции се и едукативна база за практично оспособување и стручно усовршување на здравствените работници од различни профили, како и значајни носители на научно-истражувачката дејност во областа на медицината.

## 4. 1. Мрежа, структура и територијална распределеност на болничко-стационарните здравствени установи

Мрежата на здравствените установи, преку кои се обезбедуваше стационарна здравствена заштита на населението во Р.С.Македонија во 2022 г. ја сочинуваат 67 болнички институции и 4 вонболнички стационари како следат:

а) 16 Општи (Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Велес, 8 Септември - Скопје, Скопје – Општа болница – Ре-Медика, Општа болница – Еуроиталија, Општа болница - Оне хоспитал) од кои во Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Кочани и Прилеп се општи болници со проширена дејност
б) 5 Клинички болници (Битола, Тетово, Штип, Систина, Жан Митрев)
в) 12 Специјални болници
- 3 Специјални болници за градни болести и туберкулоза;
- Институт за белодробни заболувања кај деца - Скопје;
- 3 Специјални болници за душевни болести;
- Специјална болница за гинекологија и акушерство – Чаир
- Специјална болница за ортопедија и трауматологија – Охрид
- Геронтолошки завод “13 Ноември”
- 2 Приватни специјални болници;
г) 5 Центри за лекување, рехабилитација и бања;
д) 27 Универзитетски клиники;
ѓ) Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија;
е) Универзитетска клиника за хируршки болести “Св.Наум Охридски”
ж) 4 Вонболнички стационари.

Од 67 болници 53 се болници за краткотрајно (акутно) лекување, а 14 за долготрајно лекување. Стапката на болници на 100000 население во Р.С.Македонија во 2022 година е 3.7 и е над просекот за Европскиот регион од околу 3.1 соодветно (последен достапен податок). Додека стапката на акутни болници на 100000 население во 2022 година е 2.9 и исто така е над просекот за Европскиот регион од околу 2.0 (последен достапен податок).

Во анализата се прикажува и организационата поставеност, кадровската обезбеденост, функционалната активност и искористеноста на капацитетите на седум приватни болници: Општа болница – Ре-Медика, Клиничка болница – Жан Митрев, Клиничка болница – Систина, Специјална болница за гинекологија и акушерство – Санте плус, Специјална болница за гинекологија и акушерство – Плодност, Општа болница – Еуроиталија и Општа болница – Оне хоспитал.

Со оглед дека мрежата на болничките капацитети во еден период бележеше интензивен развој надминувајќи ги реалните потреби и планските опре¬делувања во одделни подрачја, што особено се однесува на болничките ка¬пацитети во некои општи и клинички болници, се доведе до уситнетост, нерационалност и недоволно искористување на тие капацитети.

Меѓутоа во последните неколку години се бележи намалување на болничкиот капацитет.

*Со "Одлука за поделба на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар", бр. 19-3434/1 од 08.06.2008 година, Универзитетскиот клинички центар се дели на 30 универзитетски клиники од кои 26 клиники вршат болничко-стационарно лекување. Од 2016 година Клиниката за кардиохирургија почнува да доставува извештаи и со тоа бројот на клиники кои вршат болничко-стационарно лекување се зголемува на 27.

## 4. 2. Постелен фонд во болничко - стационарните здравствени установи

Постои тренд на намалување на бројот на болничките капацитети, од¬носно постели како резултат на настојувањата за рационална, економична и ефикасна здравствена заштита. Бројот на постелите во болничко-стационарните организации во Република Северна Македонија во периодот 1990, 1995-2022 г. прикажан во табела во прилог покажува намалување на бројот на постели од 11119 во 1990 г. на 9770 во 2002 г., 9183 во 2009 г. до 9117 во 2013 г., 9059 во 2016 г., 8879 во 2017г., 8853 во 2019г., 8821 во 2020г. и 8371 во 2022г., при што обезбеденоста со постели изнесува 5.5 постели на 1000 жители во 1990г., 4.8/1000 во 2002г., 4.5/1000 жители во 2009г. до 4.4/1000 во период 2012 - 2016 година, 4.3/1000 жители во 2017г., 4.2/1000 жители во 2018г. 4.3/1000 жители во 2019г. и 2020г. и 4.6/1000 жители во 2022 година.

Според утврдените критериуми на СЗО обезбеденоста со 4.6 постели на 1000 жители категоризира во средно обезбедување со постели и е под нивото на Европскиот регион од 5.3 во 2019 година (последен достапен податок). Структурата на постелниот фонд по видови на болничко стационарни организации, во Р.С.Македонија во 2020 и 2022 г. е прикажана во табели во прилог.

Општите и клиничките болници учествуваат со најголем процент од 48.8% (4086 постели во 2022г.) во вкупната структура, потоа следат 27-те универзитетски клиники со 1664 постели во

2022 г. или 19.9%. Психијатриските болници ангажираат 11.3% од вкупниот број постели во Репуб¬ликата. Приватните болници располагаат со 403 постели или 4,8% од вкупниот број на постели во Р.С.Македонија.

Од вкупно 8371 болнички постели 6114 постели се за акутно лекување или 73.1%, а 2257 постели или 26.9% за долготрајно лекување. Стапката на кревети за акутно лекување на 1000 население во Републиката во 2022 година е 3.3 и е под нивото на Европскиот регион од 3.87 во 2019 година (последен достапен податок). Дистрибуцијата на постелниот фонд по видови болнички организации, по општини и по статистички региони во Р.С.Македонија во 2022 г. детално е прикажана во табели во пролог.

## 4. 3. Кадровска обезбеденост на болничко – стационарната дејност

Обезбеденоста на болничко - стационараната дејност во Р.С.Македонија со здравствени работници во глобала е релативно добра.

Во 2022 година во болничко - стационараната дејност во Р.С.Македонија работат вкупно 2130 лекари од кои 1552 се специјалисти. Вкупниот број на лекари и бројот на лекари специјалисти е намален во однос на 2020 година кога во болниците работеле 2386 лекари од кои 1738 биле специјалисти. Индексот на динамика за лекарите специјалисти 2022/2020 изнесува 89.3. Бројот на вработени со средна и висока стручна спрема во 2022 изнесува 5392 и е намален во однос на 2020 година (5940) вработени.

Здравствените работници во сите болничко-стационарни установи во Р.С.Македонија во 2022г. се прикажани во табели во прилог и дијаграм 1.

Дијаграм 1: Здравствени работници во болничко – стационарните установи во Р.С.Македонија, 2022 година




Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје

### 4.4. Просторни услови и обезбеденост со опрема на болничко - стационарните здравствени установи

Користејќи ги анализите за искористеноста на болничките капацитети доставени од сите центри за јавно здравје и извештајот на службата за болничко-стационарно лекување обр. бр. 3-21-60, како извор на податоци за изготвување на анализата, не е можно да се прикаже просторната обезбеденост и опременост на болничко - стационарните здравствени установи. Во анализите изготвени од центрите за јавно здравје за искористеноста на болничките капацитети на нивното подрачје, нецелосно се прикажани податоците за овие индика¬тори на обезбеденост.

Од податоците добиени од информациите за искористеноста на капацитетите на болничките здравствени установи на подрачјето на центрите за јавно здравје, се гледа дека сите болнички установи се наменски изградени. Работата на лекарите воглавно е организирана во една смена со дежурства и повик, а на персоналот со средна стручна спрема во смени.

Со Правилник точно се пропишани просторните услови за отпочнување и работа на болниците, како и за опремата неопходна за нор¬мално функционирање.

За да се изврши сеопфатна анализа на просторните услови и обезбе¬деноста со опрема во болничко - стационарните установи, потребно е да се изврши дополнително истражување.

## 5. ФУНКЦИОНАЛНА АКТИВНОСТ НА БОЛНИЧКО – СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Болничката здравствена заштита во 2022 г. во Р.С.Македонија се спроведуваше во болнички од¬деленија во општи и клинички болници, специјални болници, заводи и бања, 27 универзитетски клиники, Универзитетска клиника за хируршки болести “Св. Наум Охридски” и Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија. Дел од болничката здравствена заштита се оствaруваше и во болнички одделенија во здравствените домови за вршење на стационарно лекување во пократок временски период за родилките, како и за згрижување на итни случаи до нивното транспортирање во болничките одделенија на општите и клиничките болници.

Во 2022 г. во однос на 2020 г. се забележува значително зголемување од 20.8% на бројот на испишани болни. Во 2022г. се лекувани 205278 болни од кои 187083 се лекувани во јавните, додека 18195 се лекувани во приватните болничко стационарни здравствени установи. Стапката на хоспитализација на 1000 жители значително се зголемува од 82,0/1000 во 2020г. на 111,8/1000 во 2022г. Бројот на болничките денови исто така се зголемува за 4.7%, додека просечното траење на лекување по денови се намалува на 7.1 денови (8.1 денови во 2020г.). Во Европскиот регион просечното траење на лекување во 2021г. (последен достапен податок) се движи од 9.7 дена во Унгарија, 8.8 во Франција, 8.1 во Швајцарија, 5.5 во Шведска до 4.5 во Холандија. Просечното траење на лекување во болниците за акутно лекување во Р.С.Македонија во 2022г. е 4.8 денови и е под просекот за Европскиот регион од 7.0 денови (последен достапен податок). Зафатеноста на постелите во 2022г. е 173,2 дена и е зголемена во однос на 2020г. кога била 157 дена. Искористеноста на болничките постели на ниво на Републиката е 47.4%, додека искористеноста на болничките постели за акутно лекување е 40.8% и е под просекот за Европскиот регион од 80.0% (последен достапен податок). Бројот на лекувани болни на 1 болнички кревет годишно се зголемува од 19.3 во 2020 г. на 24.5 во 2022 година, а интервалот на обрт се намалува од 10.8 во 2020г. на 7.8 во 2022г (табела во прилог).

**Бројот на остварени болнички денови** во 2022 г. во однос на 2020 г. се зголемува во сите болничко - стационарни здравствени установи, освен во општите болници, Специјална болница за гинекологија и акушерство “Санте Плус“, невропсихојатриските болниции и Геронтолошки завод “13 Ноември” каде се забележува намалување на бројот на остварени болнички денови.

**Бројот на хоспитално лекувани болни** во 2022 г. во однос на 2020 г. е намален во Специјална болница за гинекологија и акушерство “Санте Плус“ и Институт за белодробни болести кај деца, додека во сите останати болничко - стационарни здравствени установи е зголемен.

**Просечното траење на лекување** осцилира осцилира од 4.7 денови во општите и клиничките болници, 5.3 во 27-те универзитетски клиники, 16.0 во специјалните бол¬ници за градни болести и туберкулоза до 167.0 денови во невропсихијатриските болници.

**Искористеноста на болничките постели** се движи од 34.8% во општите и клиничките болници, 55.9% во 27-те универзитетски клини¬ки, 39.4% во специјалните болници за градни болести и туберкулоза, 74.7% во невропсихи¬јатриските болници и 87.0% во Геронтолошкиот завод.

# 6. КОНСТАТАЦИИ

Болничката дејност има многу важно место во системот на здравствена заштита во Република Северна Македонија. Болничката здравствена заштита во 2022г. Р.С.Македонија се укажува преку мрежа од 67 болничко-стационарни здравствени установи и 4 вонболнички стационари распределени на три нивои на здравствена заштита.

За терциерната болничка здравствена заштита се обезбедени 2656 постели или 31.7% од вкупниот болнички капацитет во Републиката, лоцирани во болничко-стационарните здравствени установи во Скопје, и тоа: 27 универзитетски клиники, Психијатриска болница - "Скопје", Завод за медицинска рехабилитација - Скопје, Универзитетска клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"- Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза - Скопје, Институт за белодробни заболувања кај деца - Скопје, Институт за белодробни болести и туберкулоза - Скопје и Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија.

Секундарната болничка здравствена заштита е обезбедена со 5674 постели или 67.8% од вкупниот болнички капацитет сместени во општите и клиничките болници, специјалните болници и центрите за рехабилитација и бања, дистрибуирани ширум Републиката.

На ниво на примарната здравствена заштита, стационарното згрижување и лекување се врши во 4 вонболнички стационари со 41 постела (0.5%).

**Болници за долготрајно лекување се 14 со 2257 постели (26.9%), а за краткотрајно лекување се 53 со 6114 постели или 73.1% од вкупниот број на постели.**

Има намалување на бројот на постели односно постои позитивна тенденција на релативна стабилност на бројот на болничките капацитети како резултат на настојувањата да се запре неконтролираниот експанзивен развој на овој вид здравствена заштита. **Според критериумите на СЗО 4.6 постели / 1000 жители во 2022 год. (2020 г. 4.3 постели) спаѓа во средна обезбеденост на населението со постели.**

Нерамномерен распоред на болничките постели по однос на видот на одделенијата и по однос на одделни подрачја доведува до уситнетост, нерационалност и недоволна искористеност на болничките капацитети.

Во 2022 г. во однос на 2020 г. се забележува значително зголемување од 20.8% на бројот на испишани болни. Во 2022г. се лекувани 205278 болни од кои 187083 се лекувани во јавните, додека 18195 се лекувани во приватните болничко стационарни здравствени установи. Стапката на хоспитализација на 1000 жители значително се зголемува од 82,0/1000 во 2020г. на 111,8/1000 во 2022г. Бројот на болничките денови исто така се зголемува за 4.7%, додека просечното траење на лекување по денови се намалува на 7.1 денови (8.1 денови во

2020г.). Во Европскиот регион просечното траење на лекување во 2021г. (последен достапен податок) се движи од 9.7 дена во Унгарија, 8.8 во Франција, 8.1 во Швајцарија, 5.5 во Шведска до 4.5 во Холандија. Просечното траење на лекување во болниците за акутно лекување во Р.С.Македонија во 2022г. е 4.8 денови и е под просекот за Европскиот регион од 7.0 денови (последен достапен податок). Зафатеноста на постелите во 2022г. е 173,2 дена и е зголемена во однос на 2020г. кога била 157 дена. Искористеноста на болничките постели на ниво на Републиката е 47.4%, додека искористеноста на болничките постели за акутно лекување е 40.8% и е под просекот за Европскиот регион од 80.0% (последен достапен податок). Бројот на лекувани болни на 1 болнички кревет годишно се зголемува од 19.3 во 2020 г. на 24.5 во 2022 година, а интервалот на обрт се намалува од 10.8 во 2020г. на 7.8 во 2022г.

Кадровската обезбеденост со лекарскиот кадар е солидна и се подобрува со стручното доусовршување на кадарот (специјализации, субспецијализации), но, потребно е зголемување на кадарот со средна и висока стручна спрема, со цел подобра грижа и нега на пациентите. Тенденцијата на континуирана едукација на кадарот и понатаму ќе треба да се задржи што го покажа и искуството со КОВИД 19 пандемијата.

Во структурата на вкупниот број на постели (8371 во 2022г.) во Р.С.Македонија **општите и клиничките болници** учествуваат со најголем процент 48.8% (4086 постели).

Обезбеденоста со лекари во општите и клиничките болници е релативно добра, меѓутоа соодносот лекари и здравствени работници со висока, виша и средна стручна подготовка 1:2,6 зборува за недостиг на здравствени работници со висока, виша и средна стручна подготовка, а тоа секако влијае на квалитетот на лекувањето и негата на болниот.

Постелниот фонд во 27-те **универзитетски клиники** во 2022 година е застапен со 1664 постели или 19.9% од вкупниот број на постели во Републиката.

**Специјалните болници** во Република Северна Македонија во 2022 година располагаат со 1733 болнички постели или 19.9%, додека **центрите за рехабилитација и бања** со 676 постели или 8.1% од вкупниот постелен фонд.

Зголемувањето на стапката на хоспитализација, недоволната искористеност на болничките капацитети и сè уште големото просечно траење на лекување во поедините болнички установи укажуваат на многу фактори кои влијаат на рационалното, економичното и ефикасно болничко лекување. Недоволната развиеност и користење на организирано домашно лекување и дневни болници, непотребното задржување на болните на дијагностички истражувања или дуплирање на истите, детерминирана структура на болничките одделенија од структурата на морбидитетот доведуваат до недоволна искористеност на одделните одделенија и зголемување на просечното траење на лекување.

Согласно горенаведените состојби, произлегува потребата од понатамошна рационализација и реорганизација на болничките установи. Исто така, за поквалитетно лекување во болничките одделенија неопходна е примена на современи медицински доктринарни ставови и критериуми за прием на болни на болничко лекување, за должина на престој на болните на болничко лекување, критериуми за условите на лекување на болните во болница.

Неопходна е и понатамошна примена и вложување во нова современа медицинска опрема и воведување на нови дијагностички и терапевтски методи.

# ПРИЛОГ
# ТАБЕЛИ

ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РАЗВИЕНОСТ НА БОЛНИЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 1990-2022 ГОДИНА

| Година | БОЛНИЧКИ ПОСТЕЛИ | | Испишани болни | | Остварени болнички денови | Просечно траење на лекување во денови | Зафатеност на постелите во денови | Стапка на искористеност на капацитети во % | Број на лекувани болни на 1 кревет годишно | Интервал на обрт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | На 1000 жители | Број | На 1000 жители | | | | | | |
| **1990** | 11119 | 5,5 | 197240 | 96,7 | 3037559 | 15,4 | 273,2 | 74,8 | 17,7 | 5,2 |
| **1995** | 10645 | 5,5 | 191790 | 99 | 2750332 | 14,3 | 258,4 | 70,8 | 18 | 5,9 |
| **1996** | 10311 | 5,2 | 192061 | 96,4 | 2898410 | 15,1 | 281,1 | 77,1 | 18,6 | 4,5 |
| **1997** | 10298 | 5,2 | 192058 | 96,6 | 2572961 | 13,4 | 249,9 | 68,5 | 18,6 | 6,2 |
| **1998** | 10333 | 5,2 | 197013 | 98,1 | 2507414 | 12,7 | 242,7 | 66,5 | 19,1 | 6,4 |
| **1999** | 10293 | 5,1 | 194931 | 96,3 | 2452403 | 12,6 | 238,3 | 65,3 | 18,9 | 6,7 |
| **2000** | 10248 | 5 | 196897 | 96,9 | 2392779 | 12,2 | 233,5 | 64 | 19,2 | 6,8 |
| **2001** | 10045 | 4,9 | 182250 | 89,5 | 2154053 | 11,8 | 214,4 | 58,8 | 18,1 | 8,3 |
| **2002** | 9770 | 4,8 | 187480 | 92,7 | 2150226 | 11,5 | 220,1 | 60,3 | 19,2 | 7,6 |
| **2003** | 9743 | 4,8 | 191965 | 94,7 | 2193229 | 11,4 | 225,1 | 61,7 | 19,7 | 7,1 |
| **2004** | 9699 | 4,8 | 200486 | 98,6 | 2259512 | 11,3 | 233,0 | 63,8 | 20,7 | 6,4 |
| **2005** | 9569 | 4,7 | 200640 | 98,5 | 2220083 | 11,1 | 232,0 | 63,6 | 21 | 6,3 |
| **2007** | 9326 | 4,6 | 214977 | 105,2 | 2164042 | 10 | 232,0 | 63,6 | 23,1 | 5,8 |
| **2008** | 9306 | 4,5 | 224445 | 109,7 | 2186321 | 9,7 | 234,9 | 64,4 | 24,1 | 5,4 |
| **2009** | 9183 | 4,5 | 229851 | 112,1 | 2197880 | 9,6 | 239,3 | 65,6 | 25,5 | 5,0 |
| **2010** | 9434 | 4,6 | 235758 | 114,7 | 2114428 | 9,0 | 224,1 | 61,4 | 25 | 5,6 |
| **2011** | 9279 | 4,5 | 236106 | 114,7 | 2052881 | 8,7 | 221,2 | 60,6 | 25,4 | 5,6 |
| **2012** | 9117 | 4,4 | 244305 | 118,7 | 2138964 | 8,8 | 234,6 | 64,3 | 26,8 | 4,9 |
| **2013** | 9177 | 4,4 | 253625 | 122,8 | 2000660 | 7,9 | 218,0 | 59,7 | 27,6 | 5,3 |
| **2014** | 9088 | 4,4 | 257574 | 124,5 | 2011002 | 7,8 | 221,3 | 60,6 | 28,3 | 5,1 |
| **2015** | 9084 | 4,4 | 248335 | 120,1 | 1879277 | 7,6 | 206,9 | 56,7 | 27,3 | 5,8 |
| **2016** | 9059 | 4,4 | 249684 | 120,5 | 1860843 | 7,5 | 205,4 | 56,3 | 27,6 | 5,8 |
| **2017** | 8879 | 4,3 | 248128 | 119,7 | 1897161 | 7,6 | 213,7 | 58,5 | 27,9 | 5,4 |
| **2018** | 8754 | 4,2 | 250519 | 120,8 | 1839906 | 7,3 | 210,2 | 57,6 | 28,6 | 5,4 |
| **2019** | 8853 | 4,3 | 242797 | 116,9 | 1803912 | 7,4 | 203,8 | 55,8 | 27,4 | 5,9 |
| **2020** | 8821 | 4,3 | 169949 | 82,0 | 1384019 | 8,1 | 156,9 | 43,0 | 19,3 | 10,8 |
| **2022** | 8371 | 4,6 | 205278 | 111,8 | 1449495 | 7,1 | 173,2 | 47,4 | 24,5 | 7,8 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

КАДАР И ПОСТЕЛИ ВО БОЛНИЧКО-СТАЦИОНАРНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ВО 2020 и 2022 ГОДИНА

| Болничко-стационарни установи | 2020 | | | | 2022 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Лекари вкупно | Од тоа специјалисти | Здр.раб со ВСС,ВШС и ССС | Постели | Лекари вкупно | Од тоа специјалисти | Здр.раб со ВСС,ВШС и ССС | Постели |
| **1.Општи и клинички болници** | 1292+7* | 894+7* | 3086 | 4208 | 1115+6* | 789+6* | 2935 | 4086 |
| **2. 27-Универзитетски клиники** | 704 | 563 | 1664 | 1737 | 643 | 498 | 1430 | 1664 |
| **3.Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија-Скопје** | 1+14* | 1+14* | 16 | 21 | 1+13* | 1+13* | 13 | 31 |
| **4.Универзитетска клиника за хир.болести ``Св.Наум Охридски,,** | 60 | 41 | 94 | 140 | 69 | 54 | 94 | 140 |
| **5.Специјална болница за гинекологија и акушерство``Мајка Тереза,,Скопје** | 46 | 30 | 75 | 113 | 43 | 28 | 82 | 104 |
| **6.Специјална болница за гинекологија и акушерство``Санте Плус,,Скопје** | 9 | 9 | 21 | 15 | 9 | 9 | 15 | 15 |
| **7.Специјална болница за гинекологија и акушерство ``Плодност,,Битола** | 14 | 12 | 29 | 13 | 9 | 8 | 11 | 16 |
| **8.Европска болница за вид,Скопје** | 3 | 3 | 12 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **9.Институт за белодробни болести кај деца,Скопје** | 40 | 27 | 84 | 70 | 41 | 26 | 60 | 65 |
| **10.Специјални болница за белодробни болести и туберкулоза** | 24 | 19 | 56 | 187 | 23 | 11 | 41 | 164 |
| **11.Специјана болница за ортопедија и трауматологија``Св.Еразмо,,-Охрид** | 26 | 18 | 102 | 161 | 27 | 16 | 100 | 85 |
| **12.Невропсихијатриски болници** | 49+2* | 35 | 345 | 1003 | 47+1* | 37 | 283 | 942 |
| **13.Центри за рехабилитација** | 65 | 45 | 169 | 569 | 59 | 42 | 162 | 496 |
| **14.Геронтолошки завод``13Ноември,,Скопје** | 25 | 15 | 141 | 342 | 22 | 12 | 121 | 342 |
| **15.Болници за лекување со природен фактор``Катланово,,Скопје** | 4 | 4 | 16 | 180 | 1 | 1 | 19 | 180 |
| **16.Вонболнички стационари** | 1 | 1 | 30 | 56 | 1 | 1 | 26 | 41 |
| **17.Вкупно** | 2363+23* | 1717+21* | 5940 | 8821 | 2110+20* | 1533+19* | 5392 | 8371 |

*стоматолози

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

РАБОТА И ИСКОРИСТЕНОСТ НА БОЛНИЧКО-СТАЦИОНАРНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ВО 2020 и 2022 ГОДИНА

| Болничко-стационарни установи | 2020 | | | | | | 2022 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Остварени болнички денови | Лекувани болни | Просечно лекување | Зафатеност на постелите во денови | Искористеност на болнички капацитети | Интервал на обрт | Остварени болнички денови | Лекувани болни | Просечно лекување | Зафатеност на постелите во денови | Искористеност на болнички капацитети | Интервал на обрт |
| 1.Општи и клинички болници | 558894 | 101049 | 5,5 | 132,8 | 36,4 | 9,7 | 518492 | 110846 | 4,7 | 126,9 | 34,8 | 8,8 |
| 2.27-Универзитетски клиники | 288941 | 43189 | 6,7 | 166,3 | 45,6 | 8,0 | 339445 | 64043 | 5,3 | 204,0 | 55,9 | 4,2 |
| 3.Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија,Скопје | 3053 | 1029 | 3,0 | 145,4 | 39,8 | 4,5 | 4128 | 1526 | 2,7 | 133,2 | 36,5 | 4,7 |
| 4.Универзитетска клиника за хир. болести ``Св.Наум Охридски,,Скопје | 19138 | 3915 | 4,9 | 136,7 | 37,5 | 8,2 | 22448 | 5205 | 4,3 | 160,3 | 43,9 | 5,5 |
| 5.Специјална болница за гинекологија и акушерство``Мајка Тереза,,Скопје | 19340 | 6025 | 3,2 | 171,2 | 46,9 | 3,6 | 19508 | 6083 | 3,2 | 187,6 | 51,4 | 3,0 |
| 6.Специјална болница за гинекологија и акушерство``Санте Плус,,Скопје | 1946 | 804 | 2,4 | 129,7 | 35,5 | 4,4 | 1371 | 571 | 2,4 | 91,4 | 25,0 | 7,2 |
| 7.Специјална болница за гинекологија и акушерство``Плодност,,Битола | 3076 | 1059 | 2,9 | 236,6 | 64,8 | 1,6 | 3702 | 1270 | 2,9 | 231,4 | 63,4 | 1,7 |
| 8.Европска болница за вид,Скопје | 152 | 108 | 1,4 | 25,3 | 6,9 | 18,9 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| 9.Институт за белодробни болести кај деца,Скопје | 11453 | 2787 | 4,1 | 163,6 | 44,8 | 5,1 | 13561 | 2303 | 5,9 | 208,6 | 57,2 | 4,4 |
| 10.Специјални болница за белодробни болести и туберкулоза | 20737 | 1758 | 11,8 | 110,9 | 30,4 | 27,0 | 23942 | 1878 | 16,0 | 143,9 | 39,4 | 24,6 |
| 11.Специјана болница за ортопедија и трауматологија``Св.Еразмо,,Охрид | 13386 | 1433 | 9,3 | 83,1 | 22,8 | 31,7 | 16487 | 1897 | 8,7 | 194,0 | 53,1 | 7,7 |
| 12.Невропсихијатриски болници | 279042 | 1535 | 181,8 | 278,2 | 100,2 | 56,7 | 256797 | 1538 | 167,0 | 272,6 | 74,7 | 56,6 |
| 13.Центри за рехабилитација | 35454 | 3834 | 9,2 | 62,3 | 17,1 | 44,9 | 97517 | 6084 | 16,0 | 196,6 | 53,9 | 13,7 |
| 14.Геронтолошки завод``13Ноември,,Скопје | 117762 | 721 | 163,3 | 344,3 | 94,3 | 9,8 | 108617 | 825 | 131,7 | 317,6 | 87,0 | 19,7 |
| 15.Болници за лекување со природен фактор``Катланово,,Скопје | 10129 | 511 | 19,8 | 56,3 | 15,4 | 108,7 | 22043 | 1023 | 21,5 | 122,5 | 33,6 | 42,7 |
| 16.Вонболнички стационари | 1516 | 192 | 7,9 | 27,1 | 8,1 | 98,6 | 1437 | 186 | 7,7 | 35,0 | 9,6 | - |
| **17.Вкупно** | **1384019** | **169949** | **8,1** | **156,9** | **43,0** | **10,8** | **1449495** | **205278** | **7,1** | **173,2** | **47,4** | **7,8** |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

## ПОСТЕЛЕН ФОНД ВО БОЛНИЧКО-СТАЦИОНАРНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

| | | Општи и клинички болници | Универзитетски клиники | Специјални болници | Центри за лекување и рехабилитација | Бањи | Вонболнички стационари | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Број | На 1000 жители |
| | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **Р.С.МАКЕДОНИЈА** | **4086** | **1835** | **1733** | **496** | **180** | **41** | **8371** | **4,6** |
| 2 | **Битола** | 460 | | 16 | | | | 476 | 5,1 |
| 3 | **Брод** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 4 | **Валандово** | | | | | | 4 | 4 | 0,4 |
| 5 | **Велес** | 269 | | 70 | | | | 339 | 5,7 |
| 6 | **Виница** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 7 | **Гевгелија** | 123 | | 240 | | | | 363 | 11,3 |
| 8 | **Гостивар** | 203 | | | | | | 203 | 2,4 |
| 9 | **Дебар** | 78 | | | | | | 78 | 4,1 |
| 10 | **Делчево** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 11 | **Дем.Хисар** | | | 314 | | | | 314 | 0,2 |
| 12 | **Кавадарци** | 119 | | | | | | 119 | 3,0 |
| 13 | **Кичево** | 66 | | | | | | 66 | 1,7 |
| 14 | **Кочани** | 120 | | | | | | 120 | 3,1 |
| 15 | **Кратово** | | | | | | 8 | 8 | 1,1 |
| 16 | **Крива Паланка** | | | | | | 24 | 24 | 1,1 |
| 17 | **Куманово** | 319 | | | | | | 319 | 2,6 |
| 18 | **Неготино** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 19 | **Охрид** | 137 | | 85 | 95 | | | 317 | 5,7 |
| 20 | **Прилеп** | 339 | | | | | | 339 | 3,9 |
| 21 | **Пробиштип** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 22 | **Радовиш** | | | | | | | 0 | 0,0 |
| 23 | **Ресен** | | | | 72 | | | 72 | 0,04 |
| 24 | **Св.Николе** | | | | | | 5 | 5 | 0,3 |
| 25 | **Скопје** | 754 | 1835 | 963 | 215 | 180 | | 3947 | 1,9 |
| 26 | **Струга** | 90 | | | 114 | | | 204 | 3,8 |
| 27 | **Струмица** | 195 | | | | | | 195 | 2,5 |
| 28 | **Тетово** | 458 | | 45 | | | | 503 | 3,0 |
| 29 | **Штип** | 356 | | | | | | 356 | 7,4 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ПОСТЕЛИ НА 1 ЛЕКАР ПО БОЛНИЧКИ ОДДЕЛЕНИЈА ВО ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА 2022 ГОДИНА

| | | Акушерско | Гинеколошко | Интерно | Општа хирургија | Педијатрија | Инфективно | Неврологија | Невро-психијатрија | Неврохирургија | Кардиологија | Кардиохирургија | Психијатрија | Максило-фацијална хир | Ортопедија | Дермато-венерологија | Оторино-ларингологија | Офталмологија | Пневмо-фтизиологија | Урологија | Физикална мед.и рехабилитација | Анестезија со реанимација | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 1 | **Р.МАКЕДОНИЈА** | 4,7 | 4,0 | 3,4 | 2,6 | 4,3 | 8,4 | 3,3 | 5,8 | 2,0 | 6,3 | 1,7 | 3,4 | 3,3 | 5,1 | 3,0 | 3,4 | 3,9 | 19,5 | 3,9 | 21,9 | 0,2 | 3,6 |
| 2 | **Битола** | 5,0 | 7,0 | 5,4 | 3,7 | 1,5 | 22,0 | 4,8 | - | 3,0 | - | - | 4,7 | 4,0 | 7,0 | 3,0 | 6,0 | 7,0 | 19,5 | 3,6 | 15,5 | - | 5,3 |
| 3 | **Гевгелија** | 11,0 | 5,0 | 3,8 | 3,6 | 10,0 | - | - | 6,5 | - | - | - | - | - | - | - | 0,0 | 0,0 | - | - | 47,0 | - | 6,5 |
| 4 | **Гостивар** | 9,0 | 3,8 | 4,0 | 6,5 | 3,1 | 6,7 | - | 4,3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4,1 |
| 5 | **Дебар** | 0,0 | 10,0 | 3,4 | 4,8 | 24,0 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4,6 |
| 6 | **Кавадарци** | 10,0 | 10,0 | 3,8 | 5,8 | 10,0 | - | - | 5,8 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4,6 |
| 7 | **Кичево** | 4,0 | 3,0 | 3,5 | 1,5 | 3,5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3,1 |
| 8 | **Кочани** | 3,0 | 4,5 | 8,5 | 8,3 | 3,2 | - | - | 12,0 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3,0 | 6,0 |
| 9 | **Куманово** | 5,4 | 1,6 | 5,3 | 2,8 | 7,0 | 4,5 | 4,6 | - | - | | - | 7,7 | - | 4,0 | - | 3,4 | 4,0 | - | 8,0 | - | 1,0 | 4,1 |
| 10 | **Охрид** | 4,3 | 3,0 | 5,5 | 1,9 | 0,0 | 18,0 | - | 5,0 | - | - | - | - | - | - | - | 0,8 | - | - | 4,0 | - | - | 3,3 |
| 11 | **Прилеп** | 2,3 | 6,0 | 4,3 | 3,8 | 3,6 | 9,7 | - | 2,7 | - | - | - | - | 2,0 | 3,1 | - | 3,0 | 4,6 | - | - | - | 1,0 | 3,9 |
| 12 | **Скопје** | 3,4 | 3,4 | 2,4 | 1,7 | 0,4 | 10,5 | 2,2 | - | - | 5,0 | 6,5 | 2,8 | - | 0,0 | 3,8 | 5,0 | 3,8 | - | - | - | - | 2,7 |
| 13 | **Струга** | 3,0 | 1,5 | 2,9 | 2,0 | 3,8 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2,1 |
| 14 | **Струмица** | 5,3 | 3,8 | 2,6 | 9,7 | 3,5 | 9,3 | 6,0 | - | - | - | - | 7,0 | - | - | - | 3,3 | 2,4 | - | - | - | - | 3,7 |
| 15 | **Тетово** | 5,6 | 1,8 | 2,0 | 1,7 | 8,2 | 3,4 | 1,6 | - | - | - | - | 1,8 | - | 2,5 | - | 3,0 | 2,6 | - | 2,7 | - | 1,6 | 2,6 |
| 16 | **Велес** | 6,0 | 7,0 | 5,5 | 6,5 | 5,0 | 8,8 | - | 5,7 | - | - | - | - | - | - | - | 0,0 | 8,0 | - | - | 11,5 | - | 6,1 |
| 17 | **Штип** | 4,3 | 9,0 | 3,7 | 3,1 | 3,1 | 12,5 | 4,2 | - | 5,0 | 2,5 | - | 2,2 | 2,5 | 6,0 | 2,0 | 2,3 | 5,5 | - | 4,5 | 26,0 | - | 4,0 |
| 18 | **Норматив** | 15 | 15 | 20 | 15 | 15 | 15 | 20 | 20 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 20 | 15 | 15 | 20 | 15 | 20 | - | - |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

БРОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ И ПОСТЕЛИ ВО ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

| Име на болничко стационарни установи | ЛЕКАРИ | | Здравствени работници со всс,вшс и ссс | | ПОСТЕЛИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Специјалисти | Вкупно | На 1 лекар | Вкупно | На 1 лекар |
| **Р.С. МАКЕДОНИЈА** | **1115+6*** | **789+6*** | **2935** | **2,6** | **4086** | **3,3** |
| **Клиничка болница-Битола** | 84+2* | 52+2* | 216 | 2,5 | 460 | 5,3 |
| **Општа болница со проширена дејност-Прилеп** | 84+3* | 44+3* | 210 | 2,4 | 339 | 3,9 |
| **Општа болница-Велес** | 44 | 32 | 142 | 3,2 | 269 | 6,1 |
| **Општа болница со проширена дејност-Кавадарци** | 21 | 16 | 78 | 3,7 | 119 | 5,7 |
| **Општа болница-Куманово** | 78 | 44 | 178 | 2,3 | 319 | 4,1 |
| **Општа болница со проширена дејност-Дебар** | 17 | 6 | 46 | 2,7 | 78 | 4,6 |
| **Општа болница -Кичево** | 21 | 15 | 88 | 4,2 | 66 | 3,1 |
| **Општа болница-Охрид** | 42 | 38 | 144 | 3,4 | 137 | 3,3 |
| **Општа болница-Струга** | 43 | 24 | 94 | 2,2 | 90 | 2,1 |
| **Општа болница РЕ-МЕДИКА-Гази Баба-Скопје** | 27 | 27 | 56 | 2,1 | 42 | 1,6 |
| **Градска болница 8ми септември-Карпош,Скопје** | 145 | 107 | 383 | 2,6 | 397 | 2,7 |
| **Клиничка болница -СИСТИНА Карпош,Скопје** | 80 | 73 | 368 | 4,6 | 135 | 1,7 |
| **Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ-Карпош,Скопје** | 22 | 17 | 74 | 3,4 | 128 | 5,8 |
| **Општа болница Еуроиталија** | 3 | 3 | 7 | 2,3 | 52 | 17,3 |
| **Општа болница со проширена дејност-Гевгелија** | 19 | 13 | 63 | 3,3 | 123 | 6,5 |
| **Општа болница -Струмица** | 53 | 35 | 125 | 2,4 | 195 | 3,7 |
| **Општа болница-Гостивар** | 49 | 37 | 150 | 3,1 | 203 | 4,1 |
| **Клиничка болница-Тетово** | 168 | 120 | 250 | 1,5 | 443 | 2,6 |
| **Општа болница-Оне Хоспитал** | 7 | 7 | 16 | 2,3 | 15 | 2,1 |
| **Општа болница со проширена дејност-Кочани** | 20 | 12 | 67 | 3,4 | 120 | 6,0 |
| **Клиничка болница-Штип** | 88+1* | 67+1* | 180 | 2,0 | 356 | 4,0 |

*стоматолози
Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
1. Оддел за здравствена статистика и публицистика
2. Оддел за здравствена промоција и следење на болести

РАБОТА ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

| Име на болничко-стационарни установи | Лекувани болни | Остварени болнички денови | Просечно лекување | Зафатеност на постелите во денови | Искористеност на болнички капацитети | Обрт на болнички постели | Интервал на обрт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општи и клинички болници** | **110846** | **518492** | **4,7** | **126,9** | **34,8** | **27,1** | **8,8** |
| **Клиничка болница-Битола** | 8885 | 56642 | 6,4 | 123,1 | 33,7 | 19,3 | 12,5 |
| **Општа болница со проширена дејност-Прилеп** | 7791 | 34781 | 4,5 | 102,6 | 28,1 | 23,0 | 11,4 |
| **Општа болница-Велес** | 4161 | 28535 | 6,9 | 106,1 | 29,1 | 15,5 | 16,7 |
| **Општа болница со проширена дејност-Кавадарци** | 2632 | 11140 | 4,2 | 93,6 | 25,6 | 22,1 | 12,3 |
| **Општа болница РЕ-МЕДИКА-Гази Баба-Скопје** | 3691 | 7008 | 1,9 | 166,9 | 45,7 | 87,9 | 2,3 |
| **Градска болница 8ми септември-Карпош,Скопје** | 11672 | 70024 | 6,0 | 176,4 | 48,3 | 29,4 | 6,4 |
| **Клиничка болница -СИСТИНАКарпош,Скопје** | 9380 | 41688 | 4,4 | 308,8 | 84,6 | 69,5 | 0,8 |
| **Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ-Карпош,Скопје** | 2901 | 12990 | 4,5 | 101,5 | 27,8 | 22,7 | 11,6 |
| **Општа болница-Еуроиталија** | 114 | 152 | 1,3 | 2,9 | 0,8 | 2,2 | 165,2 |
| **Општа болница-Куманово** | 7176 | 37381 | 5,2 | 117,2 | 32,1 | 22,5 | 11,0 |
| **Општа болница со проширена дејност-Дебар** | 5065 | 9734 | 1,9 | 124,8 | 34,2 | 64,9 | 3,7 |
| **Општа болница -Кичево** | 722 | 2121 | 2,9 | 32,1 | 8,8 | 10,9 | 30,4 |
| **Општа болница-Охрид** | 3447 | 18355 | 5,3 | 134,0 | 36,7 | 25,2 | 9,2 |
| **Општа болница-Струга** | 4395 | 12859 | 2,9 | 142,9 | 39,1 | 48,8 | 4,5 |
| **Општа болница со проширена дејност-Гевгелија** | 2722 | 16563 | 6,1 | 134,7 | 36,9 | 22,1 | 10,4 |
| **Општа болница -Струмица** | 5362 | 25442 | 4,7 | 130,5 | 35,7 | 27,5 | 8,5 |
| **Општа болница-Гостивар** | 3790 | 20944 | 5,5 | 103,2 | 28,3 | 18,7 | 14,0 |
| **Клиничка болница-Тетово** | 14312 | 52436 | 3,7 | 118,4 | 32,4 | 32,3 | 7,6 |
| **Општа болница-Оне Хоспитал** | 268 | 551 | 2,1 | 36,7 | 10,1 | 17,9 | 18,4 |
